**20261552239**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 25 став (3) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26), министерот за образование и наука, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ДРЖАВНИТЕ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на прием на студентите во државните студентски домови.

Член 2

За прием во државните студентски домови (во натамошниот текст: домовите), можат да конкурираат редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Северна Македонија, кои се школуваат надвор од местото на живеење, и тоа:

- редовни студенти запишани по прв пат на додипломски судии од прв циклус;
- редовни студенти запишани на факултети кои имаат помалку од осум семестри, а не повторувале студиска година;
- редовни студенти запишани на факултети кои имаат осум семестри, а не повторувале повеќе од една студиска година;
- редовни студенти запишани на факултети кои имаат над осум семестри, а не повторувале повеќе од две студиски години.

Член 3

Студентите запишани по втор пат како апсолвенти не конкурираат на Конкурсот за прием на студентите во домовите (во натамошниот текст: Конкурсот).

Член 4

Студентите кои го нарушиле куќниот ред во домот и за што им е изречена воспитна мерка забрана на користење на услугите на домот, за време определено во изречената воспитна мерка, не конкурираат на Конкурсот во кој било од домовите.

Студентите кои не ги подмириле обврските за сместување кон домовите повеќе од еден месец, не конкурираат на Конкурсот во кој било од домовите.

Член 5

Студентите од член 2 од овој правилник, пополнуваат електронска пријава и прикачуваат потребна документација по Конкурсот.

Член 6

Приемот на студентите во домовите се врши според:

- успех во учењето, односно успех остварен во текот на студирањето,
- семејно-материјалната положба на студентот и
- редовноста во студирањето за студенти од втора и повисоките години.

Член 7

Распределбата на вкупниот број на расположиви места во домовите за студентите од член 5 од овој правилник се врши согласно член 25 став (1) од Законот за студентскиот стандард, на следниот начин:

а) Прва група - 40% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за студенти за кои вкупните приходи по член во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија, и тоа:

- студенти деца без родители и родителска грижа,
- студенти деца со посебни потреби,
- студенти деца на корисници на гарантирана минимална помош,
- студенти деца на самохран родител,
- студенти деца на невработени родители и
- студенти деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини.

б) Во првата група спаѓаат и студенти деца на самохран родител, студенти деца на невработени родители, студенти деца без родители и родителска грижа, студенти деца со посебни потреби и студенти деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини за кои вкупните приходи по член во семејството се над нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија.

в) Втора група - 25% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето.

г) Трета група - 35% од вкупниот број на расположивите места во домовите се за редовни студенти запишани на прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Северна Македонија кои не припаѓаат во групите од точките а), б) и в) на овој член.

Член 8

Од вкупниот број на расположивите места во домовите од член 7 од овој правилник, 20% се за редовни студенти кои за прв пат ќе бидат запишани на прв циклус студии на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи во Република Северна Македонија.

Член 9

Рангирањето на студентите од член 7 точка а) од овој правилник, се врши на следниот начин:

- студентите добиваат до 100 бода, при што од вкупниот број бодови до 70 бода се добиваат за остварениот успех во текот на студирањето и до 30 бода за должината на времетраењето на примањето на гарантирана минимална помош, освен децата без родители и родителска грижа и децата со посебни потреби за кои вкупните приходи по член на семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија добиваат максимални 100 бода.

По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 7.

За студентите од член 8 од овој правилник, по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование, бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 14.

По основ на должината на времетраењето на примањето на гарантирана минимална помош, бодовите се добиваат на следниот начин:

| Должина на времетраење на примање на гарантирана минимална помош | Бодови |
|---|---|
| до 1 година | 10 |
| од 1 година до 3 години | 20 |
| над 3 години | 30 |

Член 10

Рангирањето на студентите од член 7 точка б) од овој правилник, се врши на следниот начин:

- студентите добиваат до 100 бода, при што до 50 бода добиваат за семејно-материјалната положба и до 50 бода за остварениот успех во учењето, односно успехот остварен во текот на студирањето, освен децата без родители и родителска грижа и децата со посебни потреби за кои вкупните приходи во семејството може да бидат и над нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија и тие добиваат максимални 100 бода.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот и неговото потесно семејство, се земаат вкупните месечни примања по член на семејството на студентот (месечните нето плати, пензии и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Министерство за финансии - Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи) во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика. Ако месечните примања на семејството по член се помали или еднакви со 35% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија, кандидатот го добива максималниот број на бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 35%, а се помали или еднакви со 45% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 40 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 45% а се помали или еднакви со 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 30 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 55%, а се помали или еднакви со 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија, кандидатот добива 20 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 65%, а се помали или еднакви со 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија, кандидатот добива 10 бода, а за месечните примања на семејството по член се повисоки од 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија не се добиваат бодови.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот бодовите се добиваат на следниот начин:

| Семејно-материјална положба на студентот | Бодови |
|---|---|
| до 35% | 50 |
| од 35% до 45% | 40 |
| од 45% до 55% | 30 |

| | |
|---|---|
| од 55% до 65% | 20 |
| од 65% до 75% | 10 |
| над 75% | 0 |

По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 5.

За студентите од член 8 од овој правилник, по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 10.

Член 11

Студентите од член 7 точка в) од овој правилник, кои постигнале особено висок успех во учењето добиваат до 100 бода за остварениот успех во текот на студирањето.

По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 10.

За студентите од член 8 од овој правилник, по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 20.

Член 12

Студентите од член 7 точка г) од овој правилник, добиваат до 100 бода, при што од вкупниот број бодови до 40 бода се добива за остварениот успех во текот на студирањето, до 10 бода по основ на редовноста во студирањето и до 50 бода по основ на семејно-материјалната положба на студентот.

По основ на успехот остварен во текот на студирањето, бодовите се добиваат врз основа на следната формула: Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 4.

Студентите од член 8 од овој правилник, добиваат до 100 бода, при што до 50 бода добиваат за семејно-материјалната положба и до 50 бода по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование.

За студентите од член 8 од овој правилник, по основ на успехот од дипломата за завршено средно образование бодовите се добиваат врз основа на следната формула:

Максимални бодови од остварен успех = Просечен успех X 10.

- По основ на редовноста во студирањето може да се добијат до 10 бода и тоа:

- студенти кои редовно ги завршиле претходните години на студии, без да повторуваат студиска година добиваат до 10 бода,

- студенти кои повторувале студиска година и апсолвенти прв пат, не добиваат бодови.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот и неговото потесно семејство, се земаат вкупните месечни примања по член на семејството на студентот (месечните нето плати, пензии и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Министерство за финансии - Управата за јавни приходи - земјоделска дејност, стопанска дејност, авторски права, издавање на простор и други приходи), во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика. Ако месечните примања на семејството по член се помали или еднакви со 35%, од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија, кандидатот го добива

максималниот број на бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 35% а се помали или еднакви со 45%, од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 40 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 45%, а се помали или еднакви со 55% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија кандидатот добива 30 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 55%, а се помали или еднакви со 65% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија, кандидатот добива 20 бодови, ако месечните примања на семејството по член се поголеми од 65%, а се помали или еднакви со 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија, кандидатот добива 10 бода, а за месечните примања на семејството по член се повисоки од 75% од просечно исплатена месечна нето плата во Република Северна Македонија, не се добиваат бодови.

По основ на семејно-материјалната положба на студентот бодовите се добиваат на следниот начин:

| Семејно-материјална положба на студентот | Бодови |
|---|---|
| до 35% | 50 |
| од 35% до 45% | 40 |
| од 45% до 55% | 30 |
| од 55% до 65% | 20 |
| од 65% до 75% | 10 |
| над 75% | 0 |

Член 13

Списокот на студентите со добиените бодови се објавува на интернет страницата на Министерството за образование и наука и на интернет страницата на домовите.

Член 14

Од страна на определени лица во Министерството за образование и наука, се:

- разгледува прикачената документација од член 5 од овој правилник,
- изготвува список на примени студенти по домови и истиот се објавува согласно член 13од овој правилник и
- решава по приговори на студенти.

Член 15

Студентот кој е примен на сместување и исхрана во еден од домовите не може да го отстапи местото на друг студент.

Член 16

Местото на студентот кој е примен на сместување и исхрана во еден од домовите, а кој нема да се смести во предвидениот рок со Конкурсот, се пополнува по редослед од конечниот список на примени студенти по домови.

Член 17

Ако во домовите останат непополнети места, истите можат да се пополнат со студенти кои не ги исполнуваат условите согласно овој правилник или со ученици запишани како редовни ученици во средното образование.

Студентите од став 1 на овој член, плаќаат полна економска цена за сместување и исхрана.

При приемот на учениците од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на прием на студентите во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/13, 98/13 и 130/16).

Член 19

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 19-9100/2
8 јули 2026 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.